## Вечерва "Златна Бубамара на популарноста"

Манифестацијата "Златна Бубамара на популарноста" го слави 15. роденден вечерва, во Универзалната сала во 20 часот.

"Дојди, осмели, се охрабри се и слободно насмеј се" е мотото на манифестацијата, која секоја година ги награ-



*Марјана Станојковска и Влатко Илиевски на ланската "Златна Бубамара"*

дува најпопуларните во музиката, спортот, културата и во бизнисот. Гостите, сценариото на Ранко Петровиќ и досетките на водителот Сашко Коцев и годинава се строга тајна.

Единствено е познато дека наградата за животно дело ја добива Зоран Георгиев, кој на Фестивалот на забавна музика во Опатија во 1962 година ја испеа легендарната "Еден бакнеж".

**(М.Ц.)**

ФОЛК ПЕЈАЧКАТА **АНЕТА АРСОВСКА** САМА, НО ИСПОЛНЕТА

# Секс имам, дечко не

Фолк-пејачката Анета Арсовска (28) пред еден месец ја напушти групата "Тандеми", во која членуваше осум години, и почна соло-кариера. Убавата велешанка веднаш беше забележана и од публиката и од момчињата. Таа вели дека нема дечко, иако тоа не значело и дека нема секс.

"Немам дечко и не сакам да имам по секоја цена. Дечко, колку за да не бидам сама и да не апстинирам. Ги почитувам љубовта и сексот и сакам да ми се случат од задоволство. Познавам девојки што повеќе имаат секс од корист отколку од љубов. Но јас не сум спонзоруша, чесно си ги заработувам парите, и сé што правам, правам од љубов. Така е и во приватниот и во професионалниот живот. Така функционирав досега, а така ќе биде и од сега, кога сама треба да се грижам за финансиите за моите проекти. Од таа причина и нема веднаш да снимам соло-албум туку песна по песна. Се знае каква е состојбата на естрадата, никој не заработува толку големи суми за да може да се расфрла со пари. Нафатиран дечко заради снимање албум не ми е потребен", вели Анета.



*Јас не сум спонзоруша, чесно си ги заработувам парите, и сé што правам, правам од љубов, вели Арсовска*

Свесна е дека влијание за успехот на една пејачка има и изгледот.

"Внимавам на имиџот и на линијата. Не држам некои специјални диети, иако ние во Велес природно сме подебели поради оловото во загадениот воздух. Се разголувам, но во границите на нормалата. Носам мини-здолништа и деколте и сега засега тоа е доволно", вели пејачката.

**(В.М.)**



## Бети со прв сингл за вљубените

Младата поп-пејачка Елизабета Јовановска - Бети, една од финалистите од "Македонскиот идол", сними прва песна.

"Миг без тебе" таа им ја посвети на сите вљубени.

Автор на песната е Игор Шарески, музиката и аранжманот се на Михајло Михајловски. Дарко Тасев ги отсвири акустичните и електричните гитари, а бас-гитарата Мучо. Песната се снимше во студиото "Саунд лаб", а во мометов се работи и на видеоспотот, кој наскоро ќе биде промовиран.

**(А.Г.)**